Често паѓај му ничкум на сеџда на Аллах, бидејќи секоја сеџда што ќе Му ја направиш Нему, Тој ќе те воздигне за еден степен и ќе ти избрише еден грев.‘

Од Мадан бин Ебу Талха ел-Јa‘мери се пренесува дека рекол: Се сретнав со Севбан, ослободениот роб на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и го прашав: „‚Кажи ми дело кое, ако го практикувам, Аллах ќе ме внесе во Џенетот?‘ Или реков: ‚Кое е најомилението дело кај Аллах?‘ Тој молчеше. Го прашав повторно, но тој пак молчеше. Кога го прашав по третпат, тој ми рече: ‚Го прашав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, за истото и тој ми одговори: Често паѓај му ничкум на сеџда на Аллах, бидејќи секоја сеџда што ќе Му ја направиш Нему, Тој ќе те воздигне за еден степен и ќе ти избрише еден грев.‘ Мадан продолжи: ‚Потоа се сретнав со Ебу Дерда и го прашав за истото, и тој ми одговори исто како што ми одговори Севбан.‘“

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, бил прашан за делото кое е причина за влегувањето во Џенетот или за најомилението дело кај Аллах. Тогаш тој, салаллаху алејхи ве селем, му одговорил на тој што го поставил прашањето: „Практикувај често паѓање на сеџда во намазот, бидејќи секоја сеџда што ќе ја направиш за Аллах, Тој ќе те воздигне за еден степен и ќе ти избрише еден грев.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3732